**Аквамарин Меди Велнес ДОО**
**Бул. Мит. Теодосиј Гологанов бр 112-1/22**
**Скопје Р. Македонија**
**Тел: 02 5127-833 E-Mail: akvamarinmv@gmail.com**
**Ж-сметка: 270069914590171, Халк Банка Скопје**

Скопје 14.06.2021

Почитувани,

Најнапред би сакале да ве информираме дека Аквамарин Меди Велнес е компанија која се грижи за здравјето и безбедноста на нашите посетители, особено во време на Ковид пандемијата. За исполнување на оваа цел редовно и континуирано се спроведуваат сите мерки и протоколи за превенција и заштита од ширење на корона инфекцијата, предложени од СЗО и Министерството за здравство.

Во овој контекст пред се, се спроведуваат мерки за лична заштита како што е:

- Задолжителна правилна употреба на заштни маски од страна на секој поединец
- Дезинфекција на раце при влез на секој посетител,
- Мерење на телесна температура со дигитален термометар,
- Задолжителна употреба на каљачи за обувките,

Исто така редовно се врши:

- Чистење и дезинфекција на просториите, подовите и останати површини,
- Редовно се врши чистење и дезинфекција на алатките и приборот којшто се употребува при работа и третмани,
- Редовно се врши дезинфекција на просториите и воздухот со УВ лампа итн.

Вработениот персонал (доктор на медицина, дипломирана медицинска сестра и дипломиран физиотерапевт) задолжително ги почитуваат сите пропишани заштитни мерки.

Откако ве запознавме со безбедносните мерки, би сакале да ви понудиме дел од нашите услуги кои ги вршиме во нашиот колагенски центар. Современиот начин на живот придонесува за појава на состојби кои ни го отежнуваат секојдневното живеење, особено оваа година кога пандемијата ни го ограничи движењето и наметна невообичаен начин на живот. Неправилната исхрана придружена со долготрајно седење, неправилно држење на телото, екстремна употреба на компјутер, мобилен телефон, загадувањето на животната средина, стресот итн. се дел од факторите кои го нарушуваат нашето здравје. Затоа ние ви ги нудиме нашите услуги како можност да направите барем мал придонес за одржување на вашето здравје и добросостојба.
За повеќе информации, погледнете го нашиот веб сајт: www.aquamarin.mk

**За сите услуги со износ над 4.000 ден. добивате 10% попуст за плаќање веднаш. Исто така можете да користите и сите останати услуги од нашиот асортиман кои не се наведени во понудата, за вас и за членовите на вашето семејство.**

**Услови за плаќање на рати:**

- **2 рати за услуги од 6.000-12.000 ден.**
- **3 рати за услуги од 12.100- 30.000 ден.**
- **6 рати за услуги над 31.000 ден.**

1. **ГУНА БИОлифтинг-Природна метода на подмладување‼️**




Колагенски Bio Lifting - терапија со ГУНА медицинските средства на база на колаген. Апликацијата на овој колаген поттикнува биолошки одговор од страна на човековиот организам со стимулирање на продукција на сопствен колаген, со што се подобрува структурата на колагенските влакна и консеквентно на сите анатомски структури во кои е присутен колагенот. Гуна колагенот е наменет за терапевтски и естетски цели. Односно во делот на естетиката, **Гуна колагенот може да се аплицира на повеќе регии од телото, особено за спречување на физиолошкото стареење и како сигурен и безбеден производ за anti-aging ревитализација на лицето и телото. Гуна колагенот има особена употреба при следните индикации:**

- Ревитализирачки третман на зрела кожа (лице, врат, деколте и шаки/раце);
- Ревитализирачки третман на мрсна кожа склона на акни, црвенило, оток;
- Лифтинг и затегнување на опуштена кожа (лице, врат, подбрадок, деколте, очни капаци, гради, внатрешна страна на надлактица и натколеница);
- Редуцирање на локална адипозност (масно ткиво) во пределот на абдомен, бедра, колено и др. регии;
- Редуцирање и елиминирање на целулит;
- Редуцурање и елиминирање на лузни, стрии, флеки и др.

При примена на ГУНА колагенот не се воочени несакани дејства, алергиски реакции, ниту интеракции со други лекови и пациентите добро ја поднесуваат нивната примена. ГУНА медицинските средства на база на колаген ги задоволуваат очекувањата и на пациентите и на лекарите.

**За пациенти кои не сакаат инјектирање постои специјално дизајниран апарат GUNAPHORESIS (GPH) како алтернатива за транскутана апликација (безиглена мезотерапија) на Гуна колаген. Апаратот GUNAPHORESIS (GPH) работи на принцип на РЕЗОНАНТНА МАГНЕТОФОРЕЗА што претставува иновативен инструментален метод, наменет за транскутано воведување на Гуна колаген. Се базира на:**

- **Традиционална магнетна терапија (ELF-Extremely Low Frequency fields-поле со екстремно ниска фрекфенција ≤100 Hz)**
- **Резонантна електромагнетофореза (modulated ELF fields)**

Цена: Апликација на 1 ампула 2.100 денари
Цена: Пакет од 10 ампули 18.500 денари + гратис масажа (грб или антицелулитна-по избор) или Фитрол масажа.
Времетраење: 30 мин.

## 2. ГУНА БИОтерапија-природна метода за мускулно-скелетни патологии




Колагенска Биотерапија - терапија со ГУНА медицинските средства на база на колаген кои се аплицираат локално на засегната регија со цел да ги заменат, зајакнат, реструктурираат и заштитат ткивата на мускулно скелетниот аппарат (мускули, тетиви, лигаменти, зглобни капсули, коски, рскавици) преку подобрување на анатомската структура и функција на колагенските влакна и структурите кои ги содржат, истовремено обезбедувајќи механичка поддршка на засегнатата регија. ГУНА медицинските средства на база на колаген ја подобруваат мобилноста и функционалноста и дејствуваат директно на болката. **Гуна колагенот има особена употреба при следните индикации:**

Мускулно-скелетни нарушувања предизвикани од артритис, остеоартритис, ишијалгични болки, болки во колено, рамо, лакт, колк, шаки, стапало, болки во вратот, грбот и појасниот дел на р'бетниот столб, истегнување на мускулите, синдром на карпал тунел, неуралгии, мигренозни главоболки и др.

При нивната примена не се воочени несакани дејства, алергиски реакции, ниту интеракции со други лекови и пациентите добро ја поднесуваат нивната примена. ГУНА медицинските средства на база на колаген ги задоволуваат очекувањата и на пациентите и на лекарите.

**За пациенти кои не сакаат инјектирање постои специјално дизајниран апарат GUNAPHORESIS (GPH) како алтернатива за транскутана апликација (безиглена мезотерапија) на Гуна колаген. Апаратот GUNAPHORESIS (GPH) работи на принцип на РЕЗОНАНТНА МАГНЕТОФОРЕЗА што претставува иновативен инструментален метод, наменет за транскутано воведување на Гуна колаген. Се базира на:**

- **Традиционална магнетна терапија (ELF-Extremely Low Frequency fields-поле со екстремно ниска фрекфенција ≤100 Hz)**
- **Резонантна електромагнетофореза (modulated ELF fields)**

Цена: Апликација на 1 ампула 1.350 денари
Цена: Пакет од 10 ампули 12.500 денари + гратис масажа (грб или антицелулитна-по избор) или Фитрол масажа
Времетраење: 10-15 мин.

## 3. Медицинска масажа на грб.

Болките во грбот се чести кај повеќето од нас. Медицинската масажа може да помогне во опуштање на спазамот и ригидноста на мускулите. Ефективен третман за ослободување од стресот, болката и напнатоста во мускулите. При болки во грбот, ја препорачуваме




медицинската масажа изведена од страна на физиотерапевт како би помогнала во подобро движење и олеснување на болката на засегнатата област.

*Масажите ги изведува физиотерапевт.

Цена: 800 денари
Времетраење: 30мин.

4. **Медицинска масажа на цело тело.**




Помага во опуштање на болката и напнатоста во мускулите. Помага во намалување на болката во одредени регии од телото, ја поттикнува циркулацијата и лимфната дренажа со што се елиминираат разградните производи од метаболизмот, се редуцира спазамот во мускулите. Ја подобрува циркулацијата на крв во регии каде што е потребно. При болки во грб, колено, врат, рамо и друго, е често препорачана медицинската масажа во нивно третирање од страна на физиотерапевт како би помогнала во подобро движење и олеснување на болката на засегнатите области.

*Масажите ги изведува физиотерапевт.

Цена: 1500 денари
Времетраење: 60мин.

5. **Релакс масажа на цело тело.**




Масажата се смета за луксуз, но за жал живееме во време кога сме принудени долго да седиме, па масажата ни станува потреба. Од време на време, чувството на напнатост не тера да си посветиме внимание па и да се разгалиме. Релакс масажата помага во опуштање на телото и отргнување од секојдневниот стрес, нервоза, напнатост. Допринесува за подобрена циркулација и подобар проток на кислород во телото, релаксација, намалена тензија во мускулите, регулирање на крвниот притисок, чувство на задоволство и среќа.

*Масажите ги изведува физиотерапевт.

Цена: 1000 денари, Времетраење: 60мин.

6. **Парафински третман на шака**




Парафинот е наменет за интензивна нега на кожата на шаките и ноктите. Едноставен начин како да направите темелна регенерација на шаките коишто освен од вообичаените причини, дополнително се изложени и на оштетување предизвикано од редовната употреба на дезинфекциони средства особено во  време на ковид пандемијата. Идеално поврзување на здравје и убавина во синергија со чувство на лично задоволство.

Цена: 700 денари, Времетраење: 45 мин.

7. **Антицелулитна масажа.**




Антицелулитните масажи се наменети за подобрување на изгледот на кожата, особено на региите од телото зафатени од целулит. Со овие масажи се подобрува циркулацијата на крв во засегнатата регија, особено кога е аплицирана од страна на стручно лице, физиотерапевт. Кога се изведува со одредена и препорачана динамика и рутина помага во разбивање на лошите слоеви на нерамна кожа со целулит и претставува ефективен третман во спречување на појава на нови наслаги од масти. Ја подобрува циркулацијата и лимфната дренажа која е клучна во разбивање на масните наслаги и целулитот. Кожата се ослободува од вишокот на задршка на вода, добива здрав изглед, станува еластична, мазна, со намален обем.

*Масажите ги изведува физиотерапевт.

Цена: 450 денари
Цена: Пакет од 10 масажи 4.000 денари + гратис Фитрол масажа
Времетраење: 30мин.

8. **Мадеро терапија на тело.**




Мадеротерапијата е древна колумбиска метода, и значи „Терапија со дрвени алатки“. Целта на мадеротерапијата е да ја обликува целата фигура, да направи детоксикација на телото, а воедно и да го редуцира и елиминира целулитот. Мадеротерапијата ја поттикнува детоксикацијата на телото по пат на зголемена лимфна дренажа и подобрување на циркулацијата. Се справува со опаднатиот тонус на кожата. Забрзаната работа на лимфниот систем и циркулацијата, помагаат во исфрлање на вишокот токсини и вишокот задржана вода, односно го поттикнува метаболизмот што доведува до побрзо согорување на масните наслаги. Кожата станува затегната, хидрирана, мазна со што се зголемува чувството на задоволство и леснотија.

Цена: 800 денари
Цена: Пакет од 10 масажи 6.000 денари + гратис антицелулитна масажа
Времетраење: 40мин.

9. **Мадеро терапија на лице.**



Мадеротерапијата е древна колумбиска метода, и значи „Терапија со дрвени алатки“. Подмладување и терапија за нега на лицето, вратот и деколтето со посебно креирани алатки со помали димензии. Мадеротерапијата ја поттикнува детоксикацијата по пат на зголемена лимфна дренажа и подобрување на циркулацијата со свежа крв, богата со кислород и ја поттикнува синтезата на колаген.

Мадертотерапијата е совршен избор за оние кои сакаат да се ослободат од стресот. Ова е релаксирачка масажа со изненадувачки резултати во превенцијата на стареењето.

Покрај релаксирањето на умот и мускулите на лицето, е добра за луѓето кои имаат мигрена, како и за оние кои поминуваат многу време работејќи пред компјутер и очите им се напнати.

Терапијата е неинвазивен метод во кој се третираат брчките, лицето станува посветло и ослободено од токсини, со младешки изглед.

Цена: 500 денари
Цена: Пакет од 10 масажи 4.500 денари + гратис Фитрол масажа или антицелулитна масажа
Времетраење: 30 мин.

**10. Фитрол третман на цело тело.**




Вишокот вода и токсини во организмот може да се исфрлат со техниката на масирање што ја забрзува лимфната дренажа. Постапката е препорачлива за сите луѓе без разлика на возраста и полот. Фитрол масажата: го комбинира ефектот од слабеење и лимфната циркулација; ги елиминира отоците; се бори со нарушувањата на лимфниот систем и целулитот; ја измазнува и подобрува структурата на кожата; ја подобрува циркулацијата на крвта; механички го раскинува масното ткиво.

Со редовно користење на оваа масажа се зајакнуваат ефектите на слабеење и се елиминираат метаболичките нарушувања (надуеност, опстипација).

Цена: 500 денари
Цена: Пакет од 10 масажи 4.500денари + гратис антицелулитна масажа
Времетраење: 30мин.

**11. Третман за хидратација на лице.**




Лицето ви изгледа уморно? Потребно му е освежување? Разгалете се со третман за хидратација. Наменет за сите типови на кожа, за темелно чистење на кожата на лицето. Придобивките од овој третман се чиста кожа, зголемена циркулација и влажност на кожата. Третманот вклучува чистење со гел од алое вера, пилинг и маска според типот и потребата на кожата, завршувајќи со масажа на лицето.

Цена: 600 денари, Времетраење: 30-45мин.

**12. Класичен третман на лице.**



Ја враќа оптималната хидратација и длабински ја чисти и обновува кожата, правејќи ја мека и нежна, давајќи е свеж и здрав изглед. Третманот вклучува чистење на лицето, пилинг, парење на кожата под вапазон, чистење на митесери, маска според типот и потребата на кожата на лицето, завршувајќи со рачна масажа.

Цена: 1000 денари, Времетраење: 90мин.

**13. Хијалуронски класичен третман на лице.**




Интензивното сончање, студот, водата, горештините и ветерот ја оптоваруваат кожата: таа станува сува и лушпеста. Овие негативни влианија на животната средина како и зголемувањето на возраста, се фактори кои ја намалуваат содржината на хијалуронска киселина во сврзното ткиво.

Последиците од тоа се губење на затегнатоста, спласнато ткиво и интензивно формирање на брчки.

Hyaluronic3 -активната супстанца ја поддржува, измазнува & затегнува кожата на лицето. Без парабени, без ПЕГ-деривати, без минерални масла, ослободена од алергени.

Цена: 1500 денари, Времетраење: 90-120 минути

Сите понудени услуги се изведуваат со претходно закажани термини.

Ако постои интерес од ваша страна, или ви е потребна консултација закажете термин на нашите телефони: 02 5127 833; 075 210 121

Со почит,

Др. Спец Марина Поповска

Управител